**Годишен наративен извештај за работа за 2018 година**

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје во текот на 2018 година во својата годишна програма имаше предвидено реализација на следните активности:

1. Донесување на Финансиски план за 2018 година;
2. Изработка на Стратегиски план за истражувачка и застапувачка дејност во релевантните области на дејствување на Друштвото за периодот 2017-2020 година
3. Формирање мрежа на соработници и истражувачки тимови;
4. Соработка со слични организации од земјава и од странство и
5. Насочување на активностите на следните приоритетни подрачја:
    - Положбата на осудените и притворените лица (вклучително ранливи категории: зависници од дроги и медикаменти, лица со душевни пречки итн).
    - Анализа на состојбата на казненопоправните установи: Пренатрупаност на КПУ и начини за надминување / Условен отпуст / Алтернативни мерки.
    - Положбата на жени сторители на кривични дела.
    - Пробација.
    - Затворски менаџмент и администрација.
    - Корупција во пенитенцијарните установи.
    - Законодавство / ЗИС / Судии за извршување на санкции.
    - Извршување на долготрајни казни и доживотна казна затвор.
    - Постпенална помош.

***

Во декември 2017 година Друштвото беше добитник на ад хок грант од Цивика Мобилитас, на тема *Анализа на состојбата во установите за сметување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија.* Целта на проектот во реализација на Македонското пенолошко друштво, со поддршка на Civica Mobilitas, беше неопходна анализа на институциите, пред сè ЈУ за деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје, децата-штитеници од ВПД Тетово и Казнено поправната установа Затвор за деца Охрид, но и на положбата на децата во системот на правда за деца, постапката спрема децата во ризик, заштитата на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детското престапништво.

Членовите сметаат дека системот за правда за децата во Република Македонија е воспоставен со Законот за малолетничка правда и се соочува со постоење лоши материјални услови, недостаток на основно образование и систематска ресоцијализација на децата лишени од слобода, па упатува на постоење сериозна загриженост и потреба од напори за дополнително

зајакнување на правата на детето. Нивната цел е анализа на состојбата со условите за престој, социјализација и ресоцијализација на децата во воспитните установи и воспитно поправниот дом.

Во втората половина на месец јануари 2018, членовите продолжија со реализација на проектот ,,Анализа на состојбата во установите за сметување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија''. Беше поставена задача за анализа на сегашната ситуација и актуелни политики, компаративни искуства и законска рамка, односно анализа на меѓународните документи и компаративните искуства. Исто така, повеќе од неопходна е и соодветна анализа на сегашното законско решение во поглед на установите за сместување на деца во ризик и на деца во судир со законот во Република Македонија, и тоа анализа на Кривичниот законик на РМ, Законот за правда за децата и Законот за извршување санкции. Исто така беше поставена задача за анализа на актуелната состојба на установите за сместување на деца во ризик и на деца во судир со законот во РМ. За таа цел, во согласност со статутот на МПД, на веб страната на друштвото беше објавен јавен повик за волонтер на проектот. На повикот беа пријавени повеќе студенти на правните факултети во РМ, од кои беа избрани две студентки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, од кои едната е пред стекнување на магистратура од областа на казнено право а другата е студентка на втор циклус мастер студии по казнено право.

Во текот на месец февруари 2018 година, при остварување на целите за проектот, односно при анализата на состојбата со условите за престој, социјализација и ресоцијализација во воспитно – поправните установи во текот на месец февруари оствaривме неколку средби помеѓу членовите на МПД за определување на активностите, беше направена една внатрешна организација на тимот со распределба на работните задачи и обврски, како и план за работа на проектот. Во интерес на успешно работење во тековниот месец, како и добивање на посакуваните резултати, беше направена анализа на сегашното законско решение во поглед на установите за сместување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Имено, беа анализирани одредбите на Кривичниот законик, Законот за правда за децата, Законот за извршување на санкциите и останати сродни закони од оваа област. Исто така, беа анализирани и Извештаите на Комитетот за превенција на тортура на Советот на Европа кои извештаи се составени како резултат на редовни и вонредни посети од страна на Комитетот во казнено – поправните и воспитно – поправните установи на територија на Република Македонија. При анализа на извештаите направиме селекција на оние извештаи кои се однесуваат на нашата целна група, односно, установите каде што се сместени деца со воспитни проблеми, деца во ризик и деца во судир со законот. Дополнително, беа преземени Годишните извештаи на Народниот правобранител на РМ и Извештаите на Националниот превентивен механизам кој е во состав на Народниот правобранител на РМ, објавени на официјалната веб страна, за согледување на нивните наоди и видувања во однос на проблемите кои се клучни во активностите на нашиот проект, а воедно и за добивање појасна слика за состојбите во пракса. За остварување подобра соработка и добивање посуштински информации за нашата проблематика, се предвидува средба со г-дин Драги Целевски од Канцеларијата на Народниот правобранител на РМ, член на МПД. Во текот на месец март беше испланирана посета на Затвор Охрид. Затворот Охрид е малолетнички затвор во кој казната ја издржуваат малолетни машки лица, а според степенот на обезбедување, степенот на

ограничување на слободата и видовите на третман што се применуваат спрема осудените лица Затворот Охрид е казнено-поправна установа од полуотворен вид во која основното обезбедување е физичкото што го остваруваат припадниците на затворска полиција. Воедно, во оваа установа моментално се извршува и воспитната мерка упатување во воспитно – поправна установа, бидејќи постојаниот Воспитно поправен дом Тетово е во реконструкција.

Во насока на успешно истражување и собирање на потребните информации за состојбата на децата во установите кои се предмет на анализа во овој проект, како и за остварување на целите на проектот, на 8 март оваа година оствариме посета на Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Македонија. На веб страната на Народниот правобранител редовно се објавуваат кратки информации за сите активности, и дадени мислења и иницијативи, кои ги разгледавме во текот на претходниот месец, но поради деликатноста на проблемот сметавме дека има потреба од разговор со вработени лица во Канцеларијата на Народниот правобранител, со цел да добиеме дополнителни информации и појасна слика за состојбата на децата сместени во наведените установи. Имавме успешна соработка со вработените, кои ни доделија примероци од Годишните извештаи на Народниот правобранител за периодот од 2011 до 2017 година. Исто така ни беа доделени и дополнителни материјали кои би можеле да ни бидат од корист во текот на истражувањето, а се однесуваат на децата во ризик и децата во судир со законот. Имавме успешен разговор со еден од вработените, при кој, со нас размени искуства и практики во доменот на состојбата на децата во установите. Се запознавме и со начинот и методологијата на спроведување на редовни превентивни посети од страна на НПМ и мултидисциплинарниот пристап, со вклучување на повеќе профили во тимот кој врши посета на места на лишување од слобода, како и со начинот на вршење на последователни и вонредни посети.

За исполнување на предвидените цели на проектот, оствариме уште една посета, која за нас беше од најголемо значење. Она што го прочитавме од извештаите на Народниот правобранител во делот за деца во ризик и во судир со законот и нивниот третман во воспитно – поправните и казнено – поправните установи, за нас беше од голема помош за да добиеме општа слика за состојбата, но сепак остана само како слово на хартија. Поради тоа, побаравме разговор и со директорот на Затвор Охрид. Тој го одобри нашето барање и не прими на 15 март. Со нас, сподели искуство од секојдневното работење со децата, нивниот живот во установата и можноста за нивна ресоцијализација. Во оваа казнено – поправна установа се сместени деца на кои им била изречена казна затвор за деца, но од 2015 година во установата се сместени и децата од Воспитно – поправниот дом во Тетово, на кои им била изречена мерка упатување во воспитно – поправен дом. Директорот не информираше дека децата од Воспитно – поправениот дом ја издржуваат мерката во затворот поради целосно реновирање на Воспитно поправниот дом во Тетово, кој се уште не е пуштен во употреба. Директорот накратко ни ја објасни структурата на установата и како изгледа еден ден на осуденото лице. Директорот изјави дека има вработено двајца психолози кои вршат постојана опсервација на децата, применуваат индивидуална и групна работа и ги координираат нивните активности. Затоа што поголемиот број на деца сместени во затворот немаат завршено основно образование, преку програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), е овозможено реализирање на образовниот процес до месец мај, при што во дипломата за завршено

основно образование нема да пишува каде е стекната истата. Едно од децата сместени во затворот, кое веќе се стекнало со основно образование, вонредно го остварува и своето средно образование во Скопје, од каде и доаѓа.

Редовните активности околу исполнувањето на проектот ,,Анализа на состојбата во установите за сметување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија'', во реализација на Македонското пенолошко друштво, со поддршка на Civica Mobilitas, продолжија и во месец април со остварување на редовна најавена посета во КПУ Затвор Охрид. На 03 април 2018 година, заедно со психолог- член на Македонското пенолошко друштво, а во соработка со психолозите вработени во Затвор Охрид, беше разговарано со децата – затвореници во Затворот и со воспитаниците од ВПД Тетово кои во моментот се сместени во истата установа. Разговорите беа вршени во согласност и по претходно одобрение од Затворската управа, и беа спроведени во амбулантната просторија. На децата им беа доделени прашалници изготвени од психологот, член на МПД. Прашалниците беа анонимни за да се избегне чувството на страв и непријатност кај децата, а со цел полесна и успешна комуникација. Во таа насока, а и поради големиот процент на мала писменост кај децата, прашањата беа поставувани неформално, во вид на разговор.

Македонското пенолошко друштво со поддршка од Civica Mobilitas, користејќи го искуството и експертизата на членовите, во првата половина на месец мај, одржаа средба за изработка на Студија – публикација за актуелната ситуација, на која беа етектирани проблемите и беа изнесени идеи и предлози за измена и дополнување на прописите, Студијата се заснова на добиените податоци и резултати од претходно спроведените анализи и ќе претставува приказ на сегашната состојба и актуелните политики, законската рамка, компаративните искуства и меѓународните документи. Членовите работеа напорно, со голема посветеност и почитувајќи ја временската рамка. Во втората половина од месец мај 2018 година, се одржа уште една средба меѓу членовите на МПД кога се договараа за терминот и начинот на одржување на стручна расправа – Конференција, на која ќе биде презентирана и Студијата за анализа на состојбата во установите за сместување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија. Целта на одржување на оваа Конференција е да се запознае не само стручната, туку и пошироката јавност за проблемите во пенитенцијарниот систем. На оваа стручна расправа ќе бидат поканети врвни научници, еминентни правници и практичари од правната област, како и студенти од казнено правните науки од кои се очекува давање предлози и идеи за подобрување состојбата и решавање на проблемот.

На 1 октомври 2018, со почеток од 11 часот во работните сали во Македонската академија на науките и уметностите, Македонското пенолошко друштво ја одржа завршната конференција во рамки на проектот *"Анализа на состојбата со установите за сместување на деца во ризик и на деца во судир со законот во РМ"* со поддршка на Цивика Мобилитас – проект на Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СПУ.

На настанот беа поканети сите членови на МПД, членови на МАНУ, Министерството за правда и Управата за извршување на санкции, претставници на Затворот Охрид и ВПД Тетово, истакнати практичари од областа, претставници на Народниот правобранител, членови на

Хелсиншкиот комитет на РМ и други невладини организации, студенти на правните факултети и други заинтересирани учесници.

Настанот го отвори д-р Елена Мујоска Трпевска, претседател на МПД. истакнувајќи ја потребата од научна анализа на различните аспекти на институционалниот и вонинституционалниот третман на децата во ризик и децата во судир со законот, како и односот на македонското општество кон нив. Д-р Мујоска Трпевска истакна дека оваа тематика беше сериозно занемарувана во текот на подолг временски период и покрај бројните извештаи на меѓународните организации, Народниот правобранител и други релевантни домашни фактори, кои гласно апелираа за негативните услови во пенитенцијарните установи во државата а особено во установите за сместување на деца. Воедно, таа истакна дека критичкото проучување на законските и подзаконските норми, но и малубројните напори на државата, без оглед дали станува збор за законодавната или извршната власт, доведува до заклучок дека постои суштествен недостаток на системски пристап во решавањето на низата проблеми во оваа сфера.

Акад. Владо Камбовски, еден од основачите на МПД, во своето излагање нагласи дека нашето општество сериозно потфрлило во заштитата, грижата, помошта и развојот на децата во ризик и децата во судир со законот. Акад. Камбовски преку осум постулати ја постави рамката на оваа анализа односно нејзината цел, методологија и финални резултати во вид на предлози и препораки адресирани, во прв ред, до државата и до нејзините институции во областа на детската заштита. Истражувањето на ефектите на примената на институционалните мерки го потврдува сознанието дека превоспитниот процес за време на нивното траење во континуитет не ја исполнува целосната функција, и тоа поради повеќе релевантни околности: недоволната екипираност со стручни лица во превоспитните служби, хроничниот проблем со отсуството на образование, несоодветните услови за сместување и неорганизираното слободно време. Акад. Камбовски истакна дека слабите ефекти од нехармонизираните закони за детска заштита, за семејство, за образование, за здравствена заштита и други, се продлабочени со недоволната координација меѓу министерствата во чија надлежност е нивната примена. Таквата некоординираност како последица има и неединствен пристап на институциите кон идентификувањето деца во ризик и различно постапување при непостоењето единствени минимални стандарди, а следна последица е префрлањето на тежиштето врз институционалниот третман, кој обезбедува барем минимална потврда за постоењето општествена грижа за овие категории деца, истовремено пасивизирајќи ги активностите за доследна примена на европските препораки за деинституционализација на третманот.

На сеопсежното излагање на акад. Камбовски, се надоврза проф. д-р Гордана Лажетиќ, една од основачите на Македонското пенолошко друштво. Проф. Лажетиќ своето излагање го започна со компаративен преглед на дел од државите со истата правна традиција а предмет на анализа, согласно предметот на истражувањето, беа воспитните мерки што значат престој во определена установа. Потоа, проф. Лажетиќ се осврна на извршените измени во законодавството по донесување на Законот за малолетничка правда во 2007 година и Законот за правда за децата од 2013 година, како и на законите во областа на детската заштита, односно дека не постои суштествен напредок во надминувањето на третманот на децата во ризик и децата во судир со законот како

маргинализирана категорија. Истражувањето го потврдува сознанието за постоењето длабок расчекор меѓу прокламираните политики, стратегиските и програмските документи, законите и нивната практична примена, која не демонстрира никаква потврда дека заштитата, воспитувањето и развојот на децата од овие категории претставува приоритетна цел на државата.

Д-р Крсте Маљановски, член на органите на МПД и автор на прашалниците за вработени во установи за сместување деца во ризик и деца во судир со законот, кој содржи 24 прашања и прашалник за деца во ризик и за деца во судир со законот што се на извршување санкција во соодветна установа, кој содржи 26 прашања. Тој истакна дека е потребно дополнително, сериозно и засилено да се работи со децата во насока на успешно воспитување, превоспитување или подобрување на нарушеното поведение од страна на психолозите. Д-р Маљановски смета дека проактивниот пристап на овие лица е клучен за корективниот процес на децата.

Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски, една од основачите на Македонското пенолошко друштво во своето излагање истакна дека во насока на унапредување на системот на правда за децата, потребно е подобрување на условите за примена на институционалните мерки согласно меѓународните стандарди за правата на децата и потребно е зајакнување на мултисекторскиот приод, присутен во сите држави, кој го остваруваат тимови составени од психолози, педагози, социјални работници, дефектолози, психијатри и сл. Проф. Груевска Дракулевски ја нагласи дека воспитните установи во креирањето и во реализацијата на индивидуалните планови мора да ги вклучат родителите на малолетникот со цел развивање поквалитетни семејни односи и санирање на постојните семејни проблеми.

По презентацијата на Анализата за состојбата со установите за сместување на деца во ризик и на деца во судир со законот во РМ, Свое излагање имаа и директорите на ВПД Тетово и Затвор Охрид.

Г-дин Зоран Стојановски, директор на ВПД Тетово го изрази своето задоволство што оваа тема повторно се актуелизира и ги поздрави присутните на настанот. Тој смета дека зголемената транспарентност на секојдневните искуства со штитениците од ВПД Тетово но и интересот околу подобрувањето на нивната положба и условите за живот, ќе резултираат со позитивен исход. Тој се согласи со изложените ставови и препораки на авторите на анализата и искажа загриженост за задоцнетото отворање на ВПД Тетово во атарот на с. Волковија, Тетовско. Најпрво, истакна дека е поразителна состојбата со кадровската екипираност во овие установи: кадарот во установите мора да биде подложен на континуирана, специјализирана и лиценцирана обука со која ќе се задоволат и домашните и меѓународните стандарди. Исто така, составот на тимот треба да е во зависност од потребите на детето, за што поуспешно спроведување на индивидуалниот план со мерки и активности, особено имајќи го предвид фактот што штитениците во оваа институција во некои случаи имаат и до 23 годишна возраст. Тоа не е случај со нашите институции. Штитениците се преместени на несоодветна локација во незадоволитетлни услови во центарот на град Охрид, со што се согласи и директорот на Затвор Охрид, г-дин Ристе Недески. На настанот директорите дадоа конкретни предлози и идеи за надминување на моменталната состојба.

Проф. д-р Зоран Киткањ од Филозофски факултет, го поздрави настанот и напомена дека треба да се внимава во случаите на вонинституционално згрижување и згрижување во семејство и

треба да се прави дистинкција меѓу згрижување на лесно интелектуално попречени, телесно инвалидни лица, на лица со нарушено поведение и на деца во ризик. Исто така, проф. Киткањ спомена дека нашата држава треба да го следи теркот на Хрватска, Словенија и Србија каде што постои посебна интердисциплинарна студиска програма (образовен профил) што опфаќа 4-5 правни предмети, 4-5 предмети од медицински науки, педагошки и социолошки предмети. Исто така изрази загриженост за професионалната преоптовареност и емоционално трошење на вработените во пенитенцијарните институции. Предложи во иднина, да се направи номенклатура на работните позиции што ги нуди државата и каде што постои недостаток од определени занимања да се инвестира во иднината на штитениците и тие да се мотивираат и стимулираат, што ќе претставува поттик за нивно понатамошно вработување. Проф. Киткањ предложи и работодавците да потпишат меморандуми со казненопоправните домови и да се поттикне постпенална помош за децата и малолетниците.

Публикацијата под наслов „*Анализа на состојбата со установите за сместување на деца во ризик и на деца во судир со законот во РМ„* во PDF формат е достапна на веб страната на МПД, ***www.msp.mk*.**

***

Од 31.08.2018 година Управата за извршување на санкциите го промовира твининг проектот „Зајакнување на казнено – поправниот систем и пробациската служба". Проектот се имплементира во соработка со Фондацијата за меѓународна правна соработка од Германија и Центарот за меѓународна правна соработка од Холандија, а во кој главен корисник е Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда. Главната цел на овој проект е да ја унапреди ефективноста и ефикасноста на пенитенцијарниот систем и развој на ефективна и одржлива служба за пробација, почитувајќи ги човековите права и достоинството на лицата на кои се извршуваат пробациски мерки со цел нивна успешна ресоцијализација во заедницата. Со помош на овој проект, ќе се зајакне системот на пробација преку подобрување на менаџментот и мониторингот над пробациската служба и на казнено-поправните и на воспитно-поправните установи, а ќе се развие и институционалната и организациската струкутра на пробациската служба. Од овој проект се очекува да ја зајакнува работата на пробациската служба и да поттикне изрекување на алтернативни мерки и санкции спрема сторителите на кривични дела. Сите институции и тела на системот за правда, како и општеството и јавната администрација ќе бидат сензибилизирани за алтернативни мерки за избегнување на затворската казна преку изрекување на алтернативна санкција. Професионално и ефикасно организирана и управувана пробациска служба која ќе работи заедно со останатите структури на кривично-правниот систем и други релевантни институции и организации во делот на менаџирање на сторителите на кривични дела во заедницата за извршување на изречената санкција, а со цел опсервација, рехабилитација и реинтеграција на сторителите на кривични дела во заедницата, ќе доведе до зајакнување на јавната безбедност и безбедноста во рамките на заедницата.

Претседателката на МПД д-р Елена Мујоска Трпевска беше номинирана за член на работна група на Твининг проектот. Во 2018 година беше одржана една средба на работната група во Клуб на пратеници каде свое излагање имаа заменик министерот за правда, директорот на УИС и членови на експертскиот тим од Германија.

***

На 10 декември 2018, со почеток од 10.00 часот во работните сали на МАНУ се одржа стручна расправа на тема Предизвици и дилеми во имплементацијата на мерките за обезбедување имот и на мерката конфискација, на иницијатива на Македонското пенолошко друштво. Најновите општествени промени ја поттикнаа идејата за одржување на ваков настан на кој учествуваа професори по право, судии, претставници од јавното обвинителство и специјалното јавно обвинителство, претставници на управните одбори на банките, адвокати и извршители. Настанот го отвори акад. Владо Камбовски, по што воведни излагања имаа проф. д-р Гордана Лажетиќ, г-дин Николче Петкоски, претседател на Управниот одбор на Еуростандард банка и г-ѓа Катица Јанева, специјален јавен обвинител. По воведните излагања секој од присутните имаше свое излагање на темата и ги истакна проблемите со кои се соочуваат во своето работење.

Членовите на Македонското пенолошко друштво ќе продолжат со своите активности во насока на развивање на програми на третман за полнолетните и малолетните лица при издржување на казна затвор, за постпенална помош за децата и малолетниците но и будно следење на состојбата со децата во ризик и децата во судир со законот во државата, вршејќи постојан надворешен мониторинг над надлежните министерства и јавните институции во спроведувањето на мерките на грижа и помош на осудените деца и осудените лица.

Извештајот го изработи,

Д-р Елена Мујоска ТРПЕВСКА

Претседател

**Македонско пенолошко друштво**